**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Седумдесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 27 септември 2007 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 15,20 минути.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше претседателот на Собранието на Република Македонија Љубиша Георгиевски.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата, наскоро започнуваме со седницата.

Дами и господа пратеници ја отворам Седумдесет и втората седница на Собранието на Република Македонија.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Седумдесет и втора седница на Собранието на Република Македонија, свикана за 27 септември 2007 година во 12,00 часот.

Ги молам сите пратеници да го уважат решението кое е донесено со консензус за време на координацијата денес, да нема процедурални интервенции во име на ефикасноста на седницата која би требало да заврши многу брзо, затоа што, се е практично за оваа седница добро искоординирано на таа координација.

Ја отворам 72-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците, Шабан Салиу, Фијат Цаноски, Љубчо Георгиевски, Данаел Дончев, Дарко Димитриески, Лазар Китановски, Неждет Мустафа, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Али Ахмети, Славица Грковска и Веле Митановски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

На седницата има кворум, има 67 присутни. 34 пратеници од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, предлагаат да се разгледа Предлог на одлука за основање на Анкетна комисија за утврдување на околностите за настаните во Собранието на Република Македонија, случени на 25 септември 2007 година и одговорноста на учесниците во тие настани.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Не ли ви е поделен? Се извинувам, бидејки имаше грешка во употребата на еден сингулар, требаше плурал, дадовме налог да се внесе тој плура, а тој плурал се однесува на следната именка: Наместо “настанот” да биде “настаните”.

Мислам дека е важна поправката, ќе ви биде поделено.

Молам, еден од предлагачите да ја образложи. Да го почекаме предлагачот. Се работи тоа. Една минута. Во ред ли е? Добро, добро. Господине Макрадули во ред ли е таму? Добро.

Значи, молам, еден од предлагачите да ја образложи итната и неодложна потреба, Предлогот на одлуката да биде разгледан на оваа седница.

Повелете кој ќе биде од предлагачите?

Има збор госпоѓа Силвана Бонева, повелете.

**Силвана Бонева:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, врз основа на членот 76 од Уставот на Република Македонија до Собранието на Република Македонија достави Предлог на одлука за основање на Анкетна комисија за утврдување на околностите на настаните, кои што се случија во Собранието на Република Македонија на ден 25 септември 2007 година и да се утврди одговорноста на учесниците во тие настани.

Затоа, ја баравме оваа денешна итна седница, ценејки дека настаните од 25 септември ги вознемирија пратениците во Собранието на Република Македонија, граѓаните на Република Македонија и придонесоа да се направи штета на угледот на земјата.

Токму од тие причини, му предлагаме на Собранието по итна постапка да ја разгледа и да ја донесе оваа Предлог на одлука за основање на Анкетна комисија.

Сметам дека Анкетната комисија, верувам дека сите пратеници се согласни, треба што побрзо а ја заврши својата работа и да се овозможи непречено нејзино работење.

Мора да истакнам дека задоволство е тоа што сите координатори на пратеничките групи се согласија, без исклучок да ја имаме оваа денешна седница и да ја формираме оваа Анкетна комисија и се надевам дека наскоро Комисијата за избори и именвуање ќе го утврди нејзиниот состав. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Предлогот на пратениците, Предлог одлуката да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 77 пратеници. Сите 77 гласале за.

Јас не сум овде да коментирам резултати, но не можам да го изразам своето задоволство со овој резултат од гласањето. Ви благодарам.

Мислам дека со ова го исцрпивме дневниот ред на денешната седница. Благодарам.

(Се слушаат реакции на пратениците).

Добро. Да, да. Возбуден сум бескрајно.

Со речникот на ова констатирам дека предлогот на пратениците е усвоен.

Предлагам предлогот на дневниот ред за оваа седница да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 76 пратеници, сите 76 гласале за.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

За денешната седница го предлагам следниот дневен ред.

Предлог на одлука за основање на Анкетна комисија за утврдување на околностите за настаните во Собранието на Република Македонија случени на 25 септември 2007 година и одговорноста на учесниците во тие настани.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 73 пратеници, сите 73 гласале за.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

**Минуваме на точката 1 - Предлог на одлука за основање на Анкетна комисија за утврдување на околностите за настаните во Собранието на Република Македонија случени на 25 септември 2007 година и одговорноста на учесниците во тие настани.**

Предлогот на одлуката се надевам дека е поделен. Уште ли го чекаме. Се надевам дека наскоро ќе дојде.

Отворма претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

За збор се јави господинот Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Почитуван претседателе се надевам дека ќе бидам прилично краток. Верувајте ми јас не го разбирам насловот, утврдување на околностите.

Мислам дека ваквиот наслов уште повеќе ќе предизвика недоразбирање и од тие причини навистина, сум збунет, како да гласам за ваква одлука, со ваков наслов. Што тоа значи утврдување на околностите. Се плашам, камо да грешам, се плашам дека ова ќе не одвлече во други погрешни насоки. Тоа е само моето мислење. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејки нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 67 пратеници. Сите 67 гласале за.

Во однос на овој предлог што го даде господин Најдовски, бидејки друг не се пријави за збор, јас ќе земам збор кратко. Тоа е сеуште во процес целата работа на координација. Изгласано е, но сепак...

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за основање на Анкетна комисија за утврдување на околностите за настаните во Собранието на Република Македонија случени на 25 септември 2007 година и одговорноста на учесниците во тие настани.

Бидејки дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам 72-та седница на Собранието на Република Македонија. Ви благодарам на сите.

(Седницата заврши со работа во 15,30 часот)